Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКИ УСЛУГИ НА ТОВАР НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Член 1

Со овој правилник се определуваат правото, корисниците, начинот и постапката за користење на угостителски услуги за службени потреби кои се плаќаат од средствата предвидени за таа намена во Буџетот на Министерството за образование и наука, раздел 16001.

Член 2

Под угостителски услуги, во смисла на овој правилник, се подразбира нарачка на храна и пијалоци кои се служат во бифето во објектот каде е сместено Министерството за образование и наука и нарачка на храна и пијалоци кои се служат во угостителски објекти кои се под надлежност на Службата за општи и заеднички работи.

Под угостителски услуги, во смисла на овој правилник, се подразбираат и храна и пијалоци од други угостителски објекти во Република Македонија и во странство, за работни средби со службени лица и делегации и слично.

Член 3

Право на користење на угостителските услуги од член 2 од овој правилник имаат министерот за образование и наука, заменикот на министерот за образование и наука, државниот секретар во Министерството за образование и наука.

Член 4

За користење на угостителските услуги од бифето сместено во објектот каде е сместено Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: бифето), министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот), заменик на министерот, односно државниот секретар, може да овласти вработен државен службеник или работно ангажирано лице, да врши нарачка во негово име, за службени потреби и да потпишува издадена испратница, спецификација и/или парагон блог од страна на лице од бифето, по извршената нарачка.

Писменото овластување од став 1 на овој член ги содржи следните елементи:

-штембил со архивски број и датум,

-податоци за овластеното лице: име и презиме, работно место и звање,

-видот на угостителските услуги за службените потреби,

-потпис на давателот на овластувањето и

-печат.

Овластувањето од став 1 на овој член се изготвува во три примероци од кои еден примерок за овластеното лице, едно за архивата и едно за Секторот за финансиски прашања.

Член 5

Фактурите по основ на услугите од бифето ги потпишува министерот, заменик на министерот, односно државниот секретар во зависност од тоа кој ја нарачал угостителската услуга.

Кон фактурата задолжително се доставува примерок од збирната спецификација, потпишана од корисникот на услугата од член 3 од овој правилник односно од овластените лица од член 4 од овој правилник.

Целокупната документација за исплата на угостителските услуги од бифето се доставуваат до министерот/државниот секретар, преку Секторот за финансиски прашања.

Член 6

Кога се користат угостителски услуги во други угостителски објекти во земјата и странство, а за кои плаќањето се врши со фактура или со службена платежна картичка, корисниците на услугата за покривање и одобрување на направените трошоци, должни се да обезбедат писмен документ (спецификација, фискална сметка, сметкопотврда, фактура, потврдени/потпишани со своерачен потпис) и истиот да го приложат со писмено образложение за направениот трошок за службените потреби, до крајот на тековниот месец, до Секторот за финасиски прашања на натамошно постапување.

Секторот за финансиски прашања, во координација со државниот советник за финансирање, буџетска политика и сметководство врши ex-ante контрола на поднесените барања за исплата на направените трошоци, во смисла на комплетноста на документацијата, дали е потпишана од овластени лица и дали е во рамките на одобрените средства за користење на угостителски услуги од член 7 од овој правилник.

Контролата се врши во тековниот месец, а за трошоците направени во претходниот месец.

Секторот за финансиски прашања, барањата за исплата на создадените обврски за користени угостителски услуги, ги доставува до државниот секретар на разгледување и потпишување, на крајот на месецот, а истите ќе бидат исплатени како обврска во наредниот месец сметано од месецот на настанување на обврската.

Член 7

При користењето на угостителските услуги во други угостителски објекти во земјата или при службени патувања во странство од членот 2 ставот 2, корисниците се ограничени најмногу до:

- Министерот за образование и наука до 500 (петстотини) евра во денарска противвредност, на месечно ниво,
- Заменикот на министерот за образование и наука до 250 (двестотини и педесет) евра во денарска противвредност, на месечно нив,
- Државниот секретар до 250 (двестотини и педесет) евра во денарска противвредност, на месечно ниво.

Трошокот реализиран спротивно на одредбите на овој правилник ќе се смета за трошок за приватни/лични потреби и истиот ќе се надоместува од лични средства.

Направениот трошок за угостителските услуги над износите од став 1 на овој член, ќе се смета за трошок за приватни/лични потреби и истиот ќе се надоместува од лични средства, односно од плата на корисникот на услугата, доколку претходно деловната средба/настанот/не била најавена или писмено одобрена од министерот.

Корисниците на угостителските услуги се должни да ги користат услугите во рамките на остварување на нивните надлежности и работни должности, притоа имајќи ги во предвид принципите на економичност, ефикасност и ефективност, при трошењето на буџетските средства за оваа намена.

Член 8

Секторот за финансиски прашања задолжително води и тековно ажурира евиденција на податоците за направените трошоци по пристигнати фактури и поднесени сметки, по корисници на услуги, за што државниот советник за финансирање, буџетска

политика и сметководство доставува месечен извештај до државниот секретар за вкупно направените трошоци, на увид и натамошно постапување.

Член 9

Со денот на донесувањето на овој правилник, престанува да важи Решението за утврдување на право на користење на репрезентација бр. 08-11309/1 од 17.08.2016 година.

**Бр.08-2573/1**
**27.02.2018 година**
**Скопје**

**Министер за образование и наука,**
**Рената Дескоска**